РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1588/1
26-05-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 18-та седница одржана на 21.05.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-2667/1 од 15.10.2024 година, СЕ ЗАПИРА

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај, од причина што друг орган постапува по наводите од пријавата

Предметот со број 12-2667/1 од 15.10.2024 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-2667/1 од 15.10.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител, која првично била поднесена до Министерство за образование и наука на РСМ, потоа проследена до Државен просветен инспекторат на РСМ, кој истата ја има проследено до ДКСК. Во пријавата се содржани наводи за незаконско работење на службено лице ///, директор на ///, во врска со ///. Во пријавата, исто така се содржани и наводи за незаконско работење на директорот на /// за ///, без добиена согласност ///, со цел трансформација на работен однос на неопределено работно време на наставници кои биле вработени во истото ова ООУ на определено време.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК по службена должност ги разгледа Пријавата со бр. 12-7051/1 од 19.07.2022 година и Одлуката донесена на својата 77-ма седница, одржана на 14.11.2022 година по повод оваа пријава, заведена под арх. бр. 12-7051/1 од 16.11.2022 година и јавно објавена во деперсонализирана форма на нејзината веб страница, и Известувањето проследено до ///, заведено под арх. бр. /// од /// година. Врз основа на увидот во оваа документација ДКСК утврди дека за истите предметни наводи, како и овој предметен случај, веќе има постапувано, со преземање дејствија – проследување на пријавата до ///.

Со Барање за надлежно постапување и доставување информации, заведено под арх. бр. 12-2667/2 од 28.10.2024 година, упатено до ///, ДКСК побара информации за исходот од нејзината постапка по повод проследената пријава од нејзина страна, на што е добиено Известување заведено под арх. бр. 12-2667/3 од 03.12.2024 година, според кое /// известува дека по однос на предметните наводи се преземаат дејствија и активности од нејзина законска надлежност. Следствено, ДКСК утврди дека овој надлежен орган ги испитува наводите од пријавата, по што оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување од нејзина страна и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б. К. Ш., член